МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД ПРИЛЕП
Бр. 02-495/3
Прилеп, 16.05.2012

Врз основа на член 27 од Статутот на Мермерен Комбинат АД Прилеп, Собранието на Друштвото на седницата одржана на 16 Мај 2012 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

За усвојување на годишната сметка на Мермерен Комбинат АД Прилеп
за годината што завршува на 31 декември 2011 година

**Член 1**

Се усвојува годишната сметка на Мермерен Комбинат АД Прилеп за годината која завршува на 31 декември 2011 година и придружните биланси:

- Извештај за финансиската состојба на ден 31 декември 2011;
- Извештај за сеопфатната добивка за периодот 1 јануари – 31 декември 2011;
- Извештај за промените во капиталот;
- Извештај за парични текови.

**Член 2**

Во извештајот за финансиската состојба на ден 31 декември 2011 година се искажани следните билансни состојби:

| | | |
|---|---|---|
| Средства | во Денари | 1,602,772,563 (Евра 26,059,224) |
| Капитал и обврски | во Денари | 1,602,772,563 (Евра 26,059,224) |

**Член 3**

Согласно извештајот за сеопфатната добивка за периодот од 1 јануари до 31 декември 2011 година, вкупните приходи изнесуваат 867,439,410 Денари (Евра 14,076,070), а вкупните расходи 1,142,343,304 Денари (Евра 18,545,690). Загубата пред оданочување е во износ од 274,903,894 Денари (Евра 4,469,620). По пресметувањето на данокот на непризанени расходи во износ од 64,331,462 Денари (Евра 1,045,955), е остварена загуба за годината во износ од 339,235,356 Денари (Евра 5,515,575). Вкупната сеопфатната загуба за годината изнесува 339,235,356 Денари (Евра 5,525,617).

**Член 4**

Оваа Одлука влегува со сила со денот на донесувањето.

**Претседавач на Собрание**

_______________________

Акционерско друштво за производство, монтажа и увоз, обработка, трговија и ... камен
МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп